Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 9, 2 јули 2008 година

јули 2008
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Педагошкиот Факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент по предметите Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот (Оддел за предучилишно воспитание и образование) и Методика на работа со надарени деца (Оддел за предучилишно воспитание и образование и Оддел за одделенска настава) на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент по предмети од областа *наоѓалишта на минерални суровини* на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-уметничката област *вокално пеење* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Дигитална логика" од доц. д-р Цвета Мартиновска ........ 33

34

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО КУЛТУРА НА ГОВОРОТ (ОДДЕЛ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ) И МЕТОДИКА НА РАБОТА СО НАДАРЕНИ ДЕЦА (ОДДЕЛ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОДДЕЛ ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА) НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ -ШТИП**

На редовната седница на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип од 15 мај 2008 г., избрани сме за членови на Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор на соработник во звањето асистент за предмети од научната област *педагогија*. Изборот на соработник во звањето асистент е по предметите *Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот* (Оддел за предучилишно воспитание и образование) и *Методика на работа со надарени деца* (Оддел за одделенска настава и Оддел за предучилишно воспитание и образование) на Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

На распишаниот конкурс од страна на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 17 април 2008 г., се пријави само кандидатот м-р Кирил Барбареев.

Врз основа на Законот за високото образование на РМ, а во согласност со актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Статутот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, по увидот на целокупната приложена документација и познавање на академскиот раст на кандидатот, Рецензентската комисија во состав:

1. проф.д-р Лена Дамовска - претседател
2. проф.д-р Владимир Михајловски - член и
3. проф.д-р Блаже Китанов - член

има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет да го поднесе следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1.Основни биографски податоци**

Кандидатот **м-р Кирил Барбареев** е роден на 1 јули 1976 г. во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со одличен успех.

Дипломира на Педагошкиот факултет во Штип во 2001 г. со среден успех 9,21 и се стекнува со стручен назив дипломиран професор - воспитувач.

Прогласен е за најдобар студент на Педагошкиот факултет во генерацијата 1997/2001г., исто така добива и признание од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје за најдобар студент.

Во периодот од 1995 до 2002 г. работи хонорарно во Народниот театар во Штип и во Домот на културата „Ацо Шопов“ во Штип.

Како актер учествува во голем број претстави за деца, рецитали, промоции на книги и др.

По дипломирањето, во периодот од 2002 до 2004 г., работи во АД „Пивара“ - Скопје во Секторот за маркетинг и контрола на пазар.

Во 2004 г. е избран за помлад асистент на група педагошки предмети на Одделот за предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет во Штип.

Магистрира на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот за педагогија на 10.7.2007 г., со што се стекнува со академски степен *магистер по педагошки науки.*

Во моментот работи на докторската дисертација прифатена од Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за педагогија.

**2. Наставно-образовна дејност**

Од изборот за помлад асистент на Педагошкиот факултет во Штип, Кирил Барбареев со исклучително ангажирање и перманентно следење на современите процеси во педагогијата, успешно ги реализира вежбите со студентите на Педагошкиот факултет на Одделот за предучилишно воспитание и образование.

Во реализацијата на вежбите по предметите: Педагошка практика и Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот подготвува новогодишни претстави за деца кои се реализираат во Детската градинка „Астибо“ во Штип.

Кандидатот има воспоставено квалитетна комуникација со студентите и со колегите на Факултетот.

М-р Кирил Барбареев располага со професионален потенцијал кој континуирано го користи во секојдневниот работен ангажман.

Посебно е значајно да го истакнеме неговиот професионален ангажман за воведување на структурни промени во курикулумот за работа со децата од предучилишна возраст и рана училишна возраст.

Неговиот магистерски труд со тема „*Локалниот курикулум во воспитно-образовната работа со децата од подготвителната година*“ претставува автентично идејно решение за воведување на посебна програма за изучување на содржини од локалната средина.

**3. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност**

Научни и академски публикации и презентации на конференции по изборот во звањето помлад асистент

Кирил Барбареев активно учествува во проекти, семинари, обуки, работилници, симпозиуми и конференции во земјава и во странство:

- август 2005, Тетово, George Mason University supported by USAID – World Learning, проект „Креативна настава и учење“ – работилница, 10 работни дена “Integrating ICT into curriculum-1”;

- ноември 2005, Лондон, проект „Креативна настава и учење“, студиска посета, 5 работни дена, „Child centered curriculum“;

- јануари 2006, Охрид, George Mason University supported by USAID – World Learning, проект „Креативна настава и учење“ – работилница, 10 работни дена “Integrating ICT into curriculum-2”;

- Семинар за компетенциите на наставникот, Охрид, 2006 г.;
- Семинар за социјалната правда во образованието, Охрид, 2006 г.;
- Семинар за иднината на образованието, Скопје, 2007 г.;
- Семинар за предизвиците на универзитетите во скандинавските земји, Скопје, 2007 г.
- член е на Уредувачкиот одбор на списанието „Воспитание“;
- член е на Уредувачкиот одбор на Зборникот на трудови на Педагошкиот факултет во Штип;
- учесник е во Програмата за обука, менторство и подучување, финансирана од УСАИД;

– соработник во истражувачките постапки на проектот „Социјалниот и педагошкиот идентитет на кандидатите за наставничката професија“;
– учесник во Проектот за имплементација на информатичката технологија - ИТ во образованието.

**Објавени научни и стручни трудови, учество на научни конференции**

Од изборот во звањето помлад асистент на Педагошкиот факултет во Штип, Кирил Барбареев објавува повеќе трудови во кои се третирани проблеми од различни области на педагошката теорија и практика.

Трудовите во кои се јавува како автор и коавтор се објавени во зборници и списанија, во Р. Македонија и во странство.Учествувал на конгреси, симпозиуми и конференции од интернационален карактер:

1. **Барбареев, К.** (2004), Каде оди образованието во светот, Воспитни крстопати, бр.89, Ѕвезда, Скопје, стр.14
2. **Барбареев, К.** (2005), Просветителството, Просветен работник, бр.925 Скопје, стр.14
3. **Барбареев, К.** (2006), Развојот на предучилишниот курикулум со посебен осврт на курикулумот Desirible outcomes, Воспитание, бр.6-7, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип, стр.169
4. **Барбареев, К.** (2006), Педагошкиот идентитет на наставничкиот кадар, Научна конференција, Струга 12-14.10.2006 година
5. **Барбареев, К.** , Јованова, С. (2007), Демократијата и образованието, Меѓународна научна конференција, Благоевград, Бугарија, 8.5.2007 г.
6. **Барбареев, К.** (2007), Учителот – пример за убавото и доброто, Научна конференција, Штип, мај 2007 година
7. **Барбареев, К.** (2006), Локалниот курикулум во воспитно-образовната работа со децата од подготвителна година, Годишен зборник 5-6 на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ Штип, стр.132
8. **Барбареев, К.** (2007), За ВАЛДОРФ педагогијата, Годишен зборник 7 на Педагошкиот факултет (во подготовка)
9. **Барбареев, К.** , Јованова, С. (2007), Multilingval education, Меѓународна научна конференција, Китен, Бугарија
10. **Барбареев, К.** (2006), Детектор на бесмислената стварност, Национална установа, Библиотека, „Гоце Делчев“ Штип
11. **Barbareev, K.**, Jovanova-Mitkovska, S., (2008), Role and meaning of ICT in longlife education. International conference 27-29.03. Sombor
12. **Barbareev, K.** (2008), Child and Drama Art, IV International conference, 13-15.06. Ohrid, Pedagogy faculty Skopje, (in preparing)
13. **Барбареев, К.** (2008), Зошто локален курикулум? Научна конференција, Штип, мај 2008 г.

**Краток опис на објавените трудови**

Во трудот „***Локалниот курикулум во воспитно-образовната работа со децата од подготвителната година***“ Кирил Барбареев прави обид во рамките на курикулумот за предучилишно воспитание и образование да се создадат услови за пренесување на

надлежностите од централно на локално ниво, со што би се подигнала свеста за максимално искористување на постојните капацитети во локалната средина за успешно реализирање на воспитно-образовната дејност. Да се учи од средината, тоа е пораката на овој труд.

Неговата препорака е 25% од курикулумот да биде креиран од содржини од локалната средина.

Трудот „***За Валдорф педагогија***" претставува студија на специфичен пристап на воспитание и образование кој се спроведува во Валдорфските училишта и градинки ширум светот.

Во овој труд Кирил Барбареев се обидува да потенцира дека најважниот фактор во системот на воспитание и образование е - воспитувачот. „*Вистинските педагошки чекори и мерки никогаш не се реализираат преку програмата, ниту пак од теоријата, туку тие настануваат преку способноста на воспитувачот да ја развие својата интуиција и да наслушнува она што се случува кај детето, да го истражува она што детето го носи со себе и она што е најдобро за него*".

Во трудот „***Child and Drama Art***" (***Детето и драмската уметност***) Кирил Барбареев го истакнува значењето на сценските уметности во периодот на предучилишното воспитание и образование, со посебен акцент на драмската уметност. Авторот посочува студиски програми на факултети кои едуцираат кадар за предучилишно воспитание и образование на неколку држави, каде јасно може да се види застапеноста на сценските уметности на факултетите кои подготвуваат кадар за предучилишно воспитание и образование.

Во трудот „***Педагошкиот идентитет на наставничкиот кадар***" авторот прави сериозен обид да се надминат митовите, очекувањата и играњето улоги на наставникот. Кирил Барбареев во трудот ги опишува сите дефиниции за идеален наставник, сите позитивни очекувања од средината... но тој потенцира „*...слободно може да се заклучи дека овде се работи за класична предрасуда, овие митови бараат од наставникот да се откаже од својата човечност...*".

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во наставно-научната ангажираност, објавените научно-стручни трудови, како и анализата на неговата вкупна наставна, научно-стручна и општествена дејност во текот на последниот изборен период, м-р Кирил Барбареев располага со професионален потенцијал кој континуирано го користи во секојдневниот работен ангажман.

Дејноста на кандидатот м-р Кирил Барбареев е ориентирана кон проучување на суштински и актуелни прашања од областа на педагошките науки, и тоа со посебен акцент на предучилишната возраст и раната училишна возраст.

Неговите заложби за структурни промени во предучилишното воспитание и образование се посебно евидентни во процесот на креирање на курикулумот за децата од предучилишна возраст.

Кандидатот ги исполнува сите законски критериуми за избор во академското звање асистент, во согласност со Законот за високото образование на РМ и со Статутот на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Со оглед на прикажаните резултати од научната и стручната активност, Рецензентската комисија во именуваниот состав со особена задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **м-р Кирил Барбареев** да го избере во звањето **асистент за научната област педагогија по предметите Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот (Оддел за предучилишно воспитание) и Методика на работа со надарени деца (Оддел за предучилишно воспитание и образование и Оддел за одделенска настава).**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Лена Дамовска, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Владимир Михајловски, член, с.р.**

**Проф. д-р Блаже Китанов, член, с.р.**